Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 529 www.mchamber.mk 12.5.2023

# САМО ПЕТ ПРОЦЕНТИ ОД МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ИЗВЕЗУВААТ-ПРОМЕНАТА НА ОВАА СОСТОЈБА Е ПРВАТА ЗАДАЧА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ИЗВОЗ






## ОБРАЗОВНА ПОЛИТИКА И КАДАР ЗА ПОВИСОКИ ПРОДУКТИВНИ РАБОТНИ МЕСТА

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# 2,72 МИЛИОНИ ЕВРА ПОДДРШКА ОД ГЕРМАНСКАТА ВЛАДА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДУАЛНИОТ МОДЕЛ НА ОБРАЗОВАНИЕ ПРЕКУ II -риот ГРАНТ



Стопанската комора на Северна Македонија како дел од Коморскиот инвестициски форум (КИФ 3Б6) и партнер во спроведувањето на финансискиот инструмент дизајниран за зголемување на вработливоста на младите - Регионален фонд за предизвици (РЦФ) беше домаќин на вториот национален настан за доделување грантови во нашата земја.

Преку Коморскиот инвестициски форум, во кој ко-претседавач е претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, со обезбедениот грант од околу 2,72 милиони евра, 6 конзорциуми од нашата земја (37 компании со 4 стручни училишта и 2 високообразовни институции) ќе добијат средства за финансирање на инвестиции во опрема и инфраструктура за воведување на дуалното образование и реализација на учењето преку работа, со цел поголема вработливост на младите и обезбедување обучен и квалификуван кадар подготвен за работните процеси.

Со тоа нашиот ангажман за поттикнување на компаниите самите да го трансформираат и обликуваат својот кадар со вклучување во дуалниот модел на образование преку вмрежување со стручните училишта и високообразовните институции за реализација на дуалното образование и на учењето преку работа реалност.

Средствата за грантот се обезбедени од германското Федерално министерство за економска соработка и развој, а се реализираат преку Германската развојна банка (KfW) и Регионалниот фонд за предизвици како уникатен инструмент за финансирање.

Фондот се спроведува преку Коморскиот инвестициски форум на 6-те земјите на Западен Балкан, кој претставува значајна институција за економската регионална соработка, чија членка е Стопанската комора на Северна Македонија. Генералниот секретар на Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан, Татјана Штерјова Душковска на настанот истакна дека повеќе фактори влијаеле да се стигне до овој стадиум денес, да се разговара за набавка на најсовремена опрема и технологии во училиштата каде ќе се реализира практичната настава на учениците. „Клучна улога во развојот на целиот процес имаат стопанските комори низ целиот регион, многу пред да биде основан Регионалниот фонд за предизвици и пред вклучување на Коморскиот инвестициски форум на ЗБ6. Покрај менувањето на перцепцијата на луѓето за стручното образование, потребно е на компаниите да им се потенцира важноста од инвестирање во стручното образование на младите уште на најрана фаза од нивното образование. На тој начин овие млади луѓе ќе станат додадената вредност на компанијата“ истакна Душковска.

Извршниот директор на Стопанската комора, Антони Пешев, во своето излагање се осврна на неколку клучни поенти: Прво, дека проблемот со недостаток на стручен кадар без практичното искуство, Комората го има детектирано уште 2007 година и системски почна да го третира барајќи реформи во образованието преку воведување на практичната обука на учениците во компаниите и дуалното образование како најефикасен модел за обезбедување на стручен кадар. Второ, рушење на стигмата дека во стручното образование се запишуваат мал број и само слаби ученици. Трето, дека врската меѓу бизнисот и образованието е многу важна во делот на реализација на практичната обука, креирањето на релевантна уписна политика и воведувањето на нови квалификации и вештини, затоа што бизнисот ги диктира промените што образованието треба да ги развие, за потоа повторно да се вратат во бизнисот каде ќе добијат своја реализација и валоризација. И четврто, дека е неоходно опремување на стручните училишта, што денес современата опрема и машини во училиштата стануваат реалност.

Заменик амбасадорот во Амбасада на Сојузна Република Германија во Северна Македонија, Ото Граф потенцираше дека стручната обука е нешто многу блиску до срцето Германците и ги обединува и сите земји, производители во Европа, додавајќи дека индустриското производство е можно само со образована работна сила. „Неодамнешната анализа во Германија покажува дека животните приходи на луѓето со стручно образование ќе бидат малку над животните приходи на академски образованите. Овој тип на образование е многу важно да се продолжи,” изјави заменик амбасадорот.

Свое обраќање имаше и министерот за образование и наука, Јетон Шакири, кој истакна дека како резултат на интензивирањето на активностите во учебната 2021/2022 година, дуално образование се реализираше во 97 паралелки во 46 средни стручни училишта, а беа запишани 1.486 ученици, кои соработуваа со 211 компании, а оваа учебна година дуално образование се реализира во 225 паралелки во 61 средно стручно училиште, со 2.763 запишани ученици и во соработка со околу 500 компани.



Мориц Реме, директор на Канцеларијата на Германската банка за развој во Северна Македонија и Косово на конференцијата изјави дека со овој инструмент ќе се усогласат стручните училишта со потребите на економијата и ќе се подготват матурантите за пазарот на труд со подобри вештини, со цел да се намали невработеноста на младите и да се елиминира недостигот на кадар во компаниите.

На настанот присуствуваше и заменик шефот на мисијата во Амбасадата на Швајцарија во РСМ, Лусиен Аегетер. Дополнително, оваа година, во овој процес се вклучи и Владата на Швајцарија преку Швајцарската агенција за развој и соработка, која вложи дополнителни 9,7 милиони швајцарски франци.

На вториот повик учествуваа 37 апликанти од нашата земја, а Комисијата за селекција во вториот повик, направи избор на 6 најуспешни проекти кои се предложени за финансирање, одвојувајќи 2,72 милиони евра за реализација на квалитена практична обука и учење преку работа.

Интересен е и податокот што 80-те компании кои што влегле во конзорциум со 23 образовни институции се од различна големина и тоа, 15% биле големи, 55% биле мали и средни претпријатија, додека 30% мали компании, а практичната обука за стекнување квалификации ќе се реализира во различни сектори, но најдоминатни се преработувачкиот сектор, електротехника и ИКТ секторот.



# Средба Азески-Рафуна во Приштина: Клучна опасност за економиите во овој момент е инфлацијата и владеење на правото каде сè се удира врз грбот на бизнис секторот




Инфлацијата, енергетиката, зелената агенда но и новите иницијативи за елиминирање на административните пречки во регионот на Западен Балкан и постепено приклучување на компаниите кон единствениот пазар на ЕУ беа во фокусот на разговорите на денешната средба во Приштина меѓу претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески кој има улога на ко-претседател на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) и претседателот на КИФ Лулзим Рафуна, кој истовремено е и претседател на Стопанската комора на Косово.

На работната средба беа отвори праша за билатералната соработка меѓу двете земји, но акцент беше ставен на улогата што ја има КИФ, како асоцијација на шесте стопански комори од регионот на Западен Балкан, која претставува повеќе од 350.000 компании.

„Клучна опасност за економиите во овој момент е прашањето на инфлацијата, посебно увезената инфлација, нефункционирањето на пазарната економија,



прашањето за владеење на правото, каде сè се удира врз грбот на бизнис секторот. Затоа од клучна важност е регионалниот пристап и здружувањето. Предлагам во рамки на КИФ, како претставник на приватниот сектор во регионот, да донесеме заедничка декларација, која ќе биде усвоена следниот месец и каде ќе излеземе со конкретни барања кои ќе бидат упатени до сите влади од шестте економии на земјите од Западен Балкан. “, нагласи Азески.

Претседателот на КИФ Рафуна ја прифати иницијативата и на прес-конференцијата пред медиумите изјави дека е посветен на остварувањето на целите во новата стратегија на КИФ кои дефинираат подобрување на регионалната соработка, дигитализација, образование и обука, Зелена агенда на ЕУ.

За компаниите од регионот од клучно значење е и приближувањето кон единствениот пазар на ЕУ, и примената на т.е. „принцип на инклузивно проширување“, кој КИФ го предлага години наназад, а кој би овозможил во определени области, на компаниите од Западен Балкан да им се даде третман како да се дел од внатрешниот пазар на ЕУ. На овој начин, компаниите од регионот ќе можат да ги користат придобивките од економската интеграција со ЕУ и пред формалното завршување на процесот на приклучување кон Европската Унија.

Податоците покажуваат дека во споредба со 2017 година (кога првпат започна да се формализира процесот на регионална економска соработка со усвојувањето на Повеќегодишниот акциски план за регионална економска област во рамки на Берлинскиот процес) трговијата со стоки во регионот пораснала од 5.2 на 6.9 милијарди евра, трговијата со услуги од 2.0 на 2.9 милијарди евра, а интрарегионалните инвестиции од 98.6 на 257 милиони евра, и потврдуваат дека за компаниите од регионот локалните пазари се многу важни, заради блискоста, познавањето на пазарите, но и постојните бизнис релации. Но овој раст на соработката е скромен во споредба со потенцијалите, кога би се реализирала економска интеграција на регионот и спроведување на 4те слободи (слободно движење на стоки, услуги, лица и капитал без препреки низ целиот регион), што би довело до неколкукратно зголемување на стапките на раст за економиите од регионот на Западен Балкан.

# 4.0 ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ЗА 4.0 ГЕНЕРАЦИЈА –УЧЕНИЦИ ОД СГГУС „ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ“ НА ПОСЕТА ВО КОМОРАТА




Стопанска комора на Северна Македонија како мост помеѓу работодавачите и средните стручни училишта, во рамки на своите активности особено внимание посветува и на учениците кои со изборот на стручно образование и обука кариерно се насочуваат и профилираат согласно потребите на бизнисите. Токму таков кадар продуцира и СГГУС „Здраво Цветковски“ од Скопје чии ученици – идните градежници во земјата беа гости во Стопанската комора на Северна Македонија.

На средбата во Комората, пред учениците се обрати м-р Михајло Донев, в.д. оперативен директор за иновации, развој и знаење кој ги запозна со коморското работење, тековните активности на комората, како и дигитализацијата, на која Комората посветува особено внимание. За важноста на дигитализацијата и потребата од нејзин продор во градежниот сектор, пред учесниците беше презентиран проектот „Дигиталната трансформација се пробива кон бизнисите – развој на клучни индикатори за перформанси за зголемување на продуктивноста на секторот” DIG-IN-KPI“ кој има за цел да поттикне поголемо ниво на дигитализација во градежништвото, преку креирање на алатки за самоевалуација и идентификување на степенот на дигитализација на секоја компанија.



Потребата од дигитални вештини се повеќе се наметнува, а оттука ваквите средби имаат за цел да размена на мислења за реалната состојба во секторот градежништво по однос на дигитализацијата, која е важна како во стручниот образование процес, така и во работните процеси на секоја градежна компанија.

Ученците од трета година имаа можност да се запознаат одблиску и со работата на Здружение на градежништвото индустријата на градежни материјали и неметалите.

Преку интерактивна презентација Сашка Велков, координатор на Здружението, ги запозна учениците со важноста на секторот за развој на домашната економија, но и со актуелните трендови во градежништвото, примената на современи технологии од генерацијата 4.0 и енергетски ефикасни материјали кои стануваат се повеќе употребувани во градежните зафати, без оглед дали станува збор за нискоградба или високоградба.

Согласно наставната програма која нуди Средното градежно училиште „Здравко Цветковски“ од Скопје во тригодишното стручно образование со образовните профили: Монтер за сува градба и Поставувач на подови и плочки, како и образовните профиливо четиригодишно стручно образование: Архитектонски техничар, Техничар дизајнер за внатрешна архитектура, Градежен техничар и Геодетски техничар е единствениот градежен училишен центар во државата кој обезбедува 6 образовни профили од градежно-геодетската струка. Професорите информираат дека учишниот центар располага со 7 училници опремени со компјутери, во кои дел од училниците има ЛЦД проектор, но според нив најголем предизвик претставува издавањето на учебниците за модуларно дизајнираните наставни програми, тие исто така изразија желба за уште поголема вклученост на компаниите во дуалното образование, за што Комората ќе обезбеди поддршка во редот на компаниите-членки од секторот градежништво.

Стопанската комора на Северна Македонија, преку своите активности во доменот на образование е отворена за соработка со образовните институции и силно посветена на нивно вмрежување со компаниите во насока на создавање на квалитетен стручен кадар, а несомнено дигитализацијата е исто така важна во градењето на каадр кој е во тек со новите трендови и потреби на едно современо работно место.

# Само пет проценти од македонските компании извезуваат-промената на оваа состојба е првата задача на Националниот совет за извоз




Извршните директори на најголемите компании – извозници од земјава и членовите на Националниот совет за извоз предводен од претседателот Бранко Азески денеска одржаа работен состанок во компанија Џонсон Мети.

На едночасовната средба се разговараше за важноста на извозот и проблемите со кои се соочуваат извозно-ориентираните компании и целите кои ги остварува Националниот совет за извоз, новоформирано тело составено од претставници на владини институции и на приватниот сектор. По завршување на состанокот, присутните направија обиколка на фабриката.

Бранко Азески, како претседател на Советот му врачи признание на извршниот директор на Џонсон Мети, Боријан Борозанов за компанија-најголем извозник во македонската економија. Пред присутните новинари изјави дека само пет проценти од македонските компании извезуваат, што е поразителна бројка. И промената на оваа состојба е првата и основна задача на Националниот совет за извоз.



„Ќе ја промениме методологијата во работењето. Доста е од констатации, ќе одиме со конкретни предлози со кои треба да се постигне национален консензус за извозот. Ќе инсистираме на нови предлози. Право да дава предлози ќе има само оној којшто е подготвен да помогне, а не тој што само критикува. На Македонија и е судено, алфа и омега, за нејзиниот опстанокот да биде извозот и мора да поставивме приоритети кои тоа ќе го поддржат. Втора работа е што многу мал број компании во нашата држава се вклучени во синџирите за снабдување на странските инвеститори, а тоа е треба да добие на интензитет", изјави Азески.

Борозанов, извршниот директор на Џонсон Мети, потенцираше дека Националниот совет за извоз ќе има клучна улога и ќе помогне за подобра координација, споделување на најдобрите практики и севкупен раст на националната економија.

„Само преку дијалог и брзи акции може да постигнеме повисоко ниво на извоз, повисока додадена вредност и подобар животен стандард. Минатата година достигнавме важна пресвртница од 120 милиони произведени парчиња. Нашите 1000 членови на тимот се многу горди на фактот дека едно од три возила во Европа има дел кој минал низ наши раце. Едно од три возила во Европа има печат „Made in Macedonia". Нашите најсовремени производи го намалуваат загадувањето и воздухот го прават почист и поздрав", вели Борозанов.

Џонсон Мети е присутен во Македонија повеќе од 14 години со повеќе инвестициски циклуси кои кумулираат инвестиции од близу 200 милиони евра во некои од најнапредните технологии за контрола на емисии. Опслужува повеќе од 40 различни клиенти, вклучувајќи ги сите главни ОЕМ и автомобилски брендови. Фабриката во Македонија е една од најнапредните во групата и служи како мост што ја поврзува Македонија со повеќе од 30 глобални извозни пазари.

Националниот совет за извоз претставува национално и советодавно тело во доменот на креирање и спроведување на политики за унапредување на извозот, зајакнување на извозните потенцијални на домашната економија, поттикнување на конкурентноста на извозно ориентираните компании и освојување на нови пазари. Советот со кого претседава Стопанската комора на Северна Македонија е формиран во рамки на проектот за „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција", кој Стопанската комора го спроведува во партнерство со УСАИД.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Конференција 16.05.2023 - 17.05.2023**

# АВСТРИСКИ СВЕТСКИ САМИТ 2023, 16-17 мај 2023 - Виена, Австрија / хибриден настан

Стопанската Комора на Северна Македонија во соработка со Advantage Austria, во рамки на иницијативата go-international и на климатската иницијатива од Шварценегер, срдечно ве поканува да земете виртуелно учество на Австрискиот светски самит на 16 мај, во Виена, Австрија.

Секоја година, оваа конференција од највисока класа и под водство на Арнолд Шварценегер, ги поканува лидерите од политиката, бизнисот и граѓанското општество, старт-апи, како и експерти и научници, да ги зајакнат партнерствата преку размена на искуства и идеи. Целта е побрзо спроведување на одржливи проекти за заштита на климата и борба против климатските промени.

Бидејќи бројот на учесници со физичко присуство е ограничено, можете да земете учество на настанот и виртуелно. Преку користење на посебна онлајн алатка имате можност да го следите настанот во живо и истовремено да комуницирате со другите учесници или да одржувате билатерални онлајн состаноци.

Што да очекувате?

Искусете возбудлива конференција со врвни придонеси на тема заштитата на климата;

Запознајте стотици интересни бизнис контакти од целиот свет користејќи го нашиот b2b инструмент за вмрежување;

Презентирајте ги вашите производи и услуги на меѓународната публика преку нашата b2b алатка за поврзување.

Виртуелното учество на настанот е бесплатно, а може да се регистрирате најдоцна до 16.5.2023 година на следниот линк https://austrianworldsummit2023.b2match.io/sign-up. Програмата, учесниците, и дополнителните информации се достапни на следниот линк: https://austrianworldsummit2023.b2match.io/components/29212.

Контакт лица:

Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk



**Семинар 16.05.2023**

# ПРИМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ВО КАНЦЕЛАРИСКО И АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ, ПРИЕМ И СОЗДАВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ/ЗАПИСИ, ПОСТАПКА СО АРХИВСКИОТ МАТЕРИЈАЛ

Целта на онлајн семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на подготовка на документи за ништење поради одминати години, како и составување на комисија за прегледување и одбирање на документите/записи кои поради изминати рокови за чување потребно е да се одвојат и поништат.

Целна група за семинарот:

-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцелариското и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс“ со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.




Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар 17.05.2023 - 18.05.2023

# ИТ КАТАСТРОФИ И ОДРЖУВАЊЕ НА КОНТИНУИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Во организација Стопанската комора на Северна Македонија, за потребите на бизнис заедницата, на 17 и 18 мај 2023 година ќе се организира дводневен „он-лајн“ семинар на тема: ИТ КАТАСТРОФИ И ОДРЖУВАЊЕ НА КОНТИНУИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО - Управување со кризни ситуации - дефинирање, тестирање и опоравување.

Што добиваат учесниците?

На семинарот учесниците ќе бидат запознаени со начинот на создавање планови, тестирања, одговорности и ризици, а се со цел да избегнат тешкотии во функционирањето или целосното прекинување на работниот процес во вашата компанија, како и да се избегнат ИТ катастрофи кои можат да доведат до прекин во работењето на примарниот дата центар за податоци како и губењето на податоците и важни информации.

Ќе се научи како на правилен начин да се спроведе деловна анализа на влијанието (БИА), да се креираат планови за DR и BC и да ги спречите негативните последици од настаната катастрофа.

Преку практични примери, ќе бидете запознаени со начинот на спроведување на редовно тестирање на DRP и BCP, како и задолжителните дејства за време на тестирањето кои треба да се внимаваат да не одат во погрешна насока, како и која е разликата помеѓу DRP и BCP и како се дефинираат улогите и кога се активираат плановите.

Предавач:

Лука Милинковиќ има долгогодишно искуство во контролирање и управување со ИТ безбедност преку развој на нови решенија и вршење ревизии на ИТ безбедност.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар 17.05.2023

# “НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ ЗА АНАЛИЗА НА ПРОДАЖБАТА СО ПИВОТ ТАБЕЛИ И “ЖИВИ“ ГРАФИКОНИ“

За кого е наменет:

За сите оние кои сакаат да го зголемат своето практично знаење за работа во Excel, како и за сите оние кои сакаат поефикасно да ги извршуваат своите задачи.

Важна напомена: учесниците да имаат лап-топ компјутери со инсталиран Excel (по можност 2013)

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство. Во својата долгогодишна универзитетска кариера бил на раководни факултетски и универзитетски позиции како Ректор на Европскиот универзитет – Република Македонија, Проректор на Европскиот универзитет – Република Македонија и Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, декан на Економски факултет при Европскиот универзитет – Република Македонија, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Универзитетот “Свети Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот во Валенсија. Покрај универзитетската кариера предава на обуките за брокери и за инвестициски советници организирани од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. Успешно раководи со првата бизнис клиника во нашата земја “Business Clinic DB”.

Повеќе од 20 години реализира обуки за бизнис секторот во земјата и во странство.

Автор е на голем број универзитетски учебници и научни трудови објавени во списанија индексирани во реномирани бази на податоци.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 18.05.2023**

# УПРАВУВАЊЕ СО ПЕРСОНАЛНА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО РАМКИ НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Опис на програма:

Обуката на учесниците ќе им овозможи преглед на клучните области на законска регулатива поврзана со работни односи и како овие области имаат влијание на секојдневни ситуации на работно место. Оваа практична обука на учесниците ќе им обезбеди знаење и вештини кои ќе им овозможат ефикасно управување на персонални предизвици на работно место, дискретно, доверливо и во согласност со закон.

За кого е наменета:

Оваа обука е наменета за вработени во секторите за Човечки Ресурси и Кадровски работи, како и за сите раководни лица од линиски, среден и висок менаџмент кои имаат потреба од знаења за законската регулатива со цел подобро менаџирање со своите вработени.

Обучувач:

Наташа Алексовска - Основач и деловен консултант во Вивендум Ратио Солушнс, предавач во Center of excellence на Вивендум Ратио Солушнс.  Наташа има докажано и успешно лидерство во компании кои го менуваат начинот на раководење преку развој и примена на современи практики за човечки ресурси кои водат до блиски врски на деловните партнери со целите на компанијата по пат на регрутирање, развој на кадри, управување со таленти, управување со ефективност во работењето, информатички системи за човечки ресурси, консалтинг со извршното раководство, сè со цел да се постигне оптимално планирање, управување и искористување на внатрешните потенцијали и ресурси. Има широко познавање и практично искуство во законска регулатива, буџетирање, анализи и иницијативи за заштеда на средства, организациска усогласеност, управување со промени и односи со синдикати и вработени.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 18.05.2023**

# ВРЕДНУВАЊЕ – КАКО СЕ ОПРЕДЕЛУВА ЦАРИНСКАТА ВРЕДНОСТ И КАКВО Е ВЛИЈАНИЕТО НА ТРАНСФЕРНИТЕ ЦЕНИ ВО ЦАРИНСКОТО РАБОТЕЊЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 18.05.2023 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Вреднување – Како се определува царинската вредност и какво е влијанието на трансферните цени во царинското работење".

Компаниите што се занимаваат со меѓународна трговија мора да вложат напори да ги знаат и да се усогласат со трговските политики што влијаат на нивните глобални пратки. Неусогласеноста со трговските прописи може да резултира со прекини на синџирот на снабдување поради доцнење при царинењето на стоките или непочитување на клучните трговски закони. Иако постојат неколку важни трговски прописи со кои членовите на трговската заедница мора да бидат запознаени, царинската вредност се издвојува како главно трговско прашање. Царинската декларирана вредност е критична трговска политика, а царинското вреднување е клучна активност на царинските органи. Сепак, многу компании вклучени во глобалната трговија се соочуваат со предизвици со тоа што е царинско вреднување и како функционира.

Во текот на онлајн -работилницата ќе биде објаснета која е царинската декларирана вредност и како таа се користи од страна на царинските органи. Ќе биде објаснет Договорот на Светската трговска организација за царинско вреднување и ќе бидат објаснети методите на проценка што треба да се користат за да се утврди царинската декларирана вредност. Исто така, ќе бидат објаснети неколку примери и студии на случај што ќе ја илустрираат употребата на методите за царинско вреднување, како и неколку алатки и ресурси како помошно средство при вреднувањето.

Предавач:  д-р Златко Ветеровски, помошник директор Сектор за меѓународна соработка и европски интеграции во Царинската управа на Република Северна Македонија,

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 19.05.2023**

# УПРАВУВАЊЕ СО МЕДИЦИНСКИ ОТПАД -ЛЕГИСЛАТИВА И ПРАКТИЧНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА-

Согласно новото законодавство од областа на управувањето со отпадот и Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021-2031, нотирано е дека постои потреба од подобрувањето на управувањето со медицинскиот отпад, со цел заштита на јавното здравје и животната средина.

Појасното спроведување на постојното законодавство од страна на секоја од медицинските и ветеринарните установи е главен предуслов за поодржлив систем за управување со медицинскиот отпад.

Сеуште постои потребата за воспоставување на интегриран систем за безбедно управување со медицинскиот отпад, кој ќе биде и финансиски самоодржлив. За таа цел е потребно и изготвување на План за управување со медицински отпад, кој ќе има за цел, да обезбеди основа за тоа како да се имплементира овој систем за собирање, транспорт, третман и финално отстранување на медицинскиот отпад од сите здравствени установи во Р. С. Македонија, со што би се дошло до соодветно решение на овој проблем.

Целна група:

Здравствен персонал (лекари, сестри, главни сестри) во болнички здравствени установи, (општи, специјализирани и клинички болници, лабораториии и др.), одговорни лица за медицински отпад, како и за сите останати здравствени работници и соработници кои сакаат да го надградат своето знаење во делот на контролата на ИХИ и заразните болести во здравствените установи.

Предавачи:

- Ана Каранфилова Мазневска, раководител на Секторот за отпад при Министерството за животна средина и просторно планирање и
- Виктор Христов,консултант за медицински отпад.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Online Бизнис средби 23.05.2023 - 25.05.2023**

# “Energy Business Meetings at OMC 2023”-Деловни средби за енергетика https://omc2023.b2match.io/ (хибриден настан), Равена, Италија

Стопанската комора на Северна Македонија во организација со Стопанската комора на Равена при Европската мрежа на претприемачи (ЕЕН), Ве покануваат да земете учество на деловните средби за енергетика, “Energy Business Meetings at OMC 2023”, кои ќе се одржат од 23 до 25 мај 2023 година, со физичко присуство, и од 30 до 31 мај 2023 година, онлајн учество, во Равена, Италија.

Деловните средби за енергетика се исто така подржани од страна на Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Италија и Италијанската трговска агенција, ИТА.

Настанот за деловни средби и дружење, во своето 6-то издание, се одржува во рамките на OMC 2023 - Med Energy Conference and Exhibition, светски признат како клучен настан во секторот за нафта и гас, офшор индустријата и поврзаните услуги, што ја проширува својата перспектива на целата енергетска индустрија.

Договорените билатерални средби им нудат на изложувачите и посетителите единствена можност да најдат потенцијални партнери во секторите поврзани со енергетиката, со цел да се развие деловна или технолошка соработка.

Сите заинтересирани учесници своето учество можат да го пријават со регистрација на следниот линк, најдоцна до 22.05.2023 година: https://omc2023.b2match.io/signup, каде што ги има и сите подетални информации во врска со настанот. Учеството на настанот е бесплатно.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk

**Online Бизнис средби 24.05.2023 - 25.05.2023**

# Меѓународни онлајн деловни средби - Speed-Match 2023 воздухопловниот, железничкиот и автомобилскиот сектор

Во рамки на Европската мрежа на претприемачи (ЕЕН), Стопанската комора на РС Македонија во партнерство со Индустриската комора на Ескишехир, ве поканува ат да учествувате на Меѓународните деловни средби за (онлајн) вмрежување во воздухопловниот, железничкиот и автомобилскиот сектор - Speed-Match 2023 година, што ќе се одржат на 24-25 мај 2023 година, во Ескишехир, Турција.

Овој настан ќе им овозможи на големите компании, мали и средни компании, комори, кластери, инвеститори, јавни институции и здруженија единствена можност да воспостават деловни и технолошки партнерства преку однапред закажани состаноци во три индустрии, воздухопловна, железничка и автомобилска индустрија.

**Воздухопловна индустрија**

Производство на делови за мотори, структурни делови, формирање на лим, производство на алати и жици, прецизно вртење, кабли и жици, специјални процеси, површинска обработка, монтажа, интеграција итн.

**Железничка индустрија**

Производство на локомотиви, производство на вагони и компоненти, кабина, багажник, дизел мотор, производство на системи за сопирање, решенија за сигнализација, електроенергетски системи и кабли, прецизно леење, прецизна обработка, монтажа, бојадисување, обложување итн.

**Автомобилска индустрија - добавувачи**

Производство на камиони, лесни комерцијални возила, погонски агрегати, мотори и делови од моторот, каросерии на вратило, противпожарни возила, возила за спасување, дигалки за кревање автомобили, системи за заклучување на вратите на возилата, приколка, фиоки, системи за седишта, бандажи, кабини за оператори, шасија, осовина, вратило на задна брзина и автомобилски делови, итн.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk



**Семинар 29.05.2023**

# EMPLOYEE ADVOCACY - КАКО ДО НАЈДОБРИ МАРКЕТИНГ РЕЗУЛТАТИ ЗАЕДНО СО ВАШИТЕ ВРАБОТЕНИ

Стопанската комора на Северна Македонија на 29 мај (понеделник) 2023 година организира еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: EMPLOYEE ADVOCACY - КАКО ДО НАЈДОБРИ МАРКЕТИНГ РЕЗУЛТАТИ ЗАЕДНО СО ВАШИТЕ ВРАБОТЕНИ. Стандардната промоција на компаниите повеќе не е доволен репер за тоа дали една компанија е добар работодавец или не. Сите напори вложени во Employer Branding и промоција на брендот се недоволни доколку истовремено не се води активна Employee Advocacy програма каде самите вработени ги поддржуваат и поткрепуваат тврдењата кои компанијата сама ги пласира преку промотивните пораки. Employee Advocacy е пристап кој од вашите вработени создава амбасадори на вашата компанија. Преку разработени техники, тие се поттикнуваат и мотивираат да споделуваат за компанијата, давајќи поширока и порелевантна слика за работењето и достигнувањето на компанијата.

Интерактивниот семинар се фокусира на запознавање со Employee Advocacy како концепт, совладување на најпопуларните техники на поттикнување на advocacy и осознавање на причините за успех на компаниите кои имаат развиени Employee Advocacy системи.

Која е целта на семинарот:

Семинарот има за цел да ги запознае посетителите со овој начин на екстерна комуникација, да претстави методи и техники за нејзино поттикнување и да ги подготви посетителите самите да ги спроведуваат во склоп на нивните компании или организации.

Предавач:

Ива Дујак е доктор на науки од областа на маркетингот, со специјализација дигитален маркетинг.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
30.05.2023

## ПЛАНИРАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ И КРЕИРАЊЕ НА “КЕШ БУЏЕТИ“ СО НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ

Екселот е алатка за планирање и предвидување на идните готовински текови. Со него може да се изготви детален преглед на паричните текови и изготви таканаречен “Кеш Буџет“, кој може едноставно да се објасни како документ кој претставува листинг на антиципирани готовински приливи и одливи на компанијата за одреден период. Станува збор за еден од најкомплексните документи со многу меѓусебно поврзани делови и целини.

Изработката и апдејтирањето на кеш буџетот за големите фирми не е алтернатива, туку базична потреба. За разлика од Планскиот Биланс на Успех, Кеш Буџетот опфаќа само актуелни парични текови.

Целта на обуката е да се креира комплетен документ (софтвер) за идните готовински текови и Кеш Буџет, со трите дела (работна платформа, листинг на сите готовински приливи и одливи и калкулација на крајниот кеш баланс и детерминирање на потребата за позајмување на средства- задолжување).

Овој семинар обезбедува рамка за разбирање на процесот на финансиската контрола и буџетирањето, со користење на напредни Ексел алатки – во функција на создавање на информациски систем за финансиско предвидување, планирање и контрола.

Преку овој онлајн семинар ќе дознаете како да го изготвите Кеш Буџетот за детерминирање на планските претпоставки за финансиските планови и како истите да ги разберете на начин кој ќе ви помогне во донесувањето на вистински деловни одлуки.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
31.05.2023

## Специјалистички еднодневен „он-лајн“ семинар на тема:ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Стопанската комора на Северна Македонија на 31 мај 2023 година (среда) организира специјалистички еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ.

Повеќето организации се повеќе или помалку се базирани на аплицирање на проекти. Успешното управување со проектот е од суштинско значење за добивање на поголема ефикасност и подобри резултати од истиот. Проектите не се рутински операции, туку вклучуваат уникатни задачи неопходни за постигнување на една единствена цел. Често, проектната работа вклучува членови од различни профили и области и се формираат неколку различни тимови со цел успешното завршување на проектот, што може да означи голема пресвртница за понатамошното работење и развој на една организација. Со цел да се насочаат проектите кон постигнување на бенефите раководењето со проекти ги користи потребните знаења, алатки, вештини и техники од сите расположливи ресурси.

Предавач:

- Игор Ќика, дипломиран инженер по менаџмент и консултант за менаџерски системи

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Тренинг обука 06.06.2023 - 07.06.2023**

## Дводневна тренинг-програма на тема: ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ: ПАТ КОН РЕГИОНАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА

Брзиот технолошки развој и продор на информациско-комуникациските технологии преку процесите на дигитална трансформација несомнено наметнуваат потреба од приспособување на деловните процеси и прифаќање на дигитализацијата во компаниите во насока на задржување на конкурентноста и подигнување на ефикасноста во работењето.

Во насока на подигнување на капацитетите на високо образовните кадри во македонските компании, Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања при Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан, за потребите на бизнис заедницата, на 6 и 7 јуни 2023 година организира тренинг-програма на тема: „Дигитална трансформација за македонските компании: Пат кон регионална интеграција“. Програмата се организира во рамки на проектот „Поддршка од ЕУ за Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан“ финансиран од Европската Унија.

Цел на програмата:
Програмата има за цел да ги подготви претставниците на компаниите со знаења и вештини неопходни за успешно совладување на предизвиците кон патот на дигиталната трансформација. Учесниците на Програмата ќе имаат можност да добијат значајни информации кои ќе им овозможат интеграција на македонските компании во регионалното дигитално подрачје на Западен Балкан и нивно унапредување во интеграцијата кон пан-европскиот дигитален пазар.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



**Саем 08.06.2023 - 09.06.2023**

## Покана за Б2Б средби на тема: „ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА“ 8 - 9 јуни 2023 година, Солун, Грција

По повод првата саемска изложба и конгресен настан Forward Green ( FG Expo ), Федерацијата на индустрии на Грција (SBE) во соработка со Стопанската комора на Северна Македонија, во рамки на Enterprise Europe Network, заедно со TIF HELEXPO SA организираат настан за натпревари од 08 – 10 јуни 2023 година, во салонот TIF-HELEXPO во Солун, Грција.

Овој B2B настан има за цел да придонесе за имплементација на нов претприемачки дух за Грција, заснован на циркуларна економија, зелен развој и трансформација на бизнис модели со цел да се зачуваат природните ресурси и да се придвижат кон одржлив развој. Овој нов пристап кон економијата се однесува на голем број процеси кои бараат планирање, а започнува со употреба на суровини и води сè до производство, дистрибуција, потрошувачка и рециклирање на потрошените производи, така што најмала количина на отпадот завршува во околината.

Билатералните средби ќе се одржат во првиот и вториот ден од 3-дневната изложба (08 - 10 јуни 2023 година) за најдобра можна организација, со цел да се добие максимална вредност и резултати во најефикасен временски рок.

Покрај b2b состаноците што ќе се организираат, учесниците ќе имаат можност да ги искористат предностите од присуството на различни специјални настани организирани паралелно со изложбата, со фокус на зеленото претприемништво и иновациите.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk



СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
100
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088